Република Северна Македонија
Меѓународен Универзитет Визион
Universiteti Ndërkombëtar VIZION
Uluslararasi VISION Üniversitesi
International VISION University
Гостивар - Gostivar

| Примено: E pranuar: Kabul tarihi: | 21.01.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. Nj.org. Org.bir. | Број Numër No. | Прилог Shtojcë Neano | Вредност Vlera Değer |
| 02 | 38/1 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-32/4
14.12. 2020 год.-viti
Скопје - Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 9 седница одржана на 30.11.2020 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Правни науки", од втор циклус академски (магистерски) студии на Правен факултет при Меѓународен Универзитет „ВИЗИОН" Гостивар**

1. Се акредитира студиската програма „Правни науки", од втор циклус академски (магистерски) студии на Правен факултет при Меѓународен Универзитет „ВИЗИОН" Гостивар, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на науките на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер по правни науки/во меѓународен промет академски назив: Master of science in law .

4. Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки.
Научно – истражувачко поле: Правни науки.
Научно – истражувачка област: 50800 Вовед во правото, 50801 Теорија на правото 50802 Управно право, 50803 Граѓанско право, 50804 Казнено право, 50805 Трудово право 50806 Меѓународно јавно право, 50807 Меѓународно приватно право, 50808 Меѓународно стопанско право, 50809 Компаративно право, 50810 Римско право, 50811 Право на Европската Унија, 50812 Финансиско право, 50813 Еколошко право, 50814 Уставно право 50815 Меѓународни односи и историја на дипломатија, 50816 Меѓународни економски односи, 50817 Дипломатско и конзуларно право, 50818 Човекови права и слободи 50819 Семејно право, 50820 Наследно право, 50821 Социјално право, 50822 Историја на правото, 50823 Трговско право, 50824 Деловно право, 50826 Криминологија, 50828 Облигационо право, 50829 Транспортно право, 50831 Современи политички системи.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 10 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 0201-209/05 од 23.12.2019 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Правни науки“ од втор циклус академски (магистерски) студии на Правен факултет при Меѓународен Универзитет „ВИЗИОН“ Гостивар, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 32/1 од 23.04.2020 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3-та седницата одржана на 01.07.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 32/3 од 09.12.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 9-та седница одржана на 30.11.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски